**Информација за Повлекување на меѓународно дистрибуирана формула за новороденчиња „Нестле“ поради контаминација со цереулиден токсин**

На ден 08.01.2026 во ИЈЗ на РСМ пристигната е информација за повлекување на прехрамбен производ од северно македонскиот пазар. Станува збор за одредени NAN формули за бебиња, поради потенцијално присуство на цереулид- токсин произведен од бактерија Bacillus cereus, во една од состојките на добавувачот што се користи во следниве серии :

| Нестле код | Име на производот | Серија-лот број | Рок на важност до: |
|---|---|---|---|
| 12606122 | NAN ExpPr HA BL DENWHB300 12x400g N2 RO | 51280742C2 | maj.27 |
| 12607942 | NAN COMFORTIS1 NLNWPB109-2 6x800 N1 RO | 51320346AE | maj.27 |
| 12607549 | NAN OPTIPRO 1 NLNWPB261 6x800g N1 RO | 51540346AB | jun.27 |
| 12607549 | NAN OPTIPRO 1 NLNWPB261 6x800g N1 RO | 52630346AB | Sep-27 |
| 12592158 | NAN LACTOSE FREE NLNWB333 12x400g RO | 53040346AE | okt.27 |
| 12607549 | NAN OPTIPRO 1 NLNWPB261 6x800g N1 RO | 51180346AD | apr.27 |

Според известувањето **превентивното повлекување** на производот од страна на Нестле Адриатик Македонија е во соработка со Агенција за храна и ветеринарство и во согласност со протоколите за квалитет и безбедност на производот.

Потрошувачите кои можеби ги купиле горенаведените серии од наведените производи не треба да го даваат овој производ на своето дете и можат да го вратат кај продавачот каде што е купен за поврат на средствата.
Ако постои загриженост во однос на консумацијата на овој производ, потребно е да се направи консултација со педијатар или здравствен работник

Симтомите кои може да се јават поради присуство на цереулид- токсинот во храната се гадење, повраќање, болки во стомакот, слабост и истите се јавуваат најчесто во рок од 30 минути - 6 часа по консумирање на храната. Симптомите се слични како оние при труење со Стафилококниот токсин. Токсинот е стабилен

на високи температури и вообичаените начини на подготовка на храната не го уништуваат.
Болеста е воглавном самолимитирачка во рок од 24-48 часа но во одредени ситуции и кај имуникомпромитирани може да доведе до компликации.

Дококлу постои сознание за консумирање на овие производи и појава на гастроинтестинални симптоми Ве молиме да се обратите до матичниот лекар или педијатар за евентуално понатамошно испитување и терапија.

Микробиолошката лабораторија при ИЈЗ на РСМ располага со реагенсси за детекција на Bacillus cereus.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***

***Институт за јавно здравје***